АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202 –9269/3
22.09.2020

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 95-та редовна седница одржана на ден 22.09.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Услови за патничко осигурување**

(1) Се вршат измени и дополнувања на Условите за патничко осигурување, и тоа:

**1. Во членот 8,** во вториот став, во петтата алинеја, точката по зборот „осигурување“ се заменува со точка-запирка, и се додава нова алинеја, која гласи:
*„ – осигурување на непланирано враќање во случај на Ковид -19.“*

**2. Се додава нов член, по членот 10 б, со следниот наслов, текст и содржина**:

***„Член 10 в - Дополнително осигурување за непланирано враќање во случај на Ковид 19***

*„(1) Осигурувачот ќе ги надомести сите трошоци за непланирано враќање на осигуреникот во Република Северна Македонија,како и на член на потесното семејство што патувал заедно со осигуреникот, кои се директна последица на итното лекување на осигуреникот (член 17) од Ковид-19, и тоа:*

*- трошоците за превоз (гориво за автомобил, воз втора класа, авион туристичка класа) во висина на сметките за гориво односно на цената на билетот;*

*- трошоците за враќање на возилото на осигуреникот, доколку поради здравствени или административни причини не може да се врати со возилото со кое заминал на пат.*

*(2) Трошоците за враќање нема да бидат покриени без претходно одобрение од осигурувачот.“*

**3. Во членот 18,** став (1), точка 28, после зборот „болести“ се додава запирка и зборовите: *„ со исклучок на SARS-CoV- 2 (Ковид-19);*“;

(2) Се задолжува Секторот за информатика да ја внесе измената во софтверските програми за издавање на полисите.

(3) Се задолжува Секторот за правни работи и усогласување со закони да изготви пречистен текст на Условите за патничко осигурување.

(4) Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се применува од 01.10.2020 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
Претседател
*М-р Марија Томеска*